

Шпаркасе Банка
# ВРАБОТУВА

# БЛАГАЈНИК – ПОМЛАД СОРАБОТНИК

**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ и ШТИП, Сектор за Население \ Оддел Мрежа на Експозитури

---

Шпаркасе Банка АД Скопје е дел од Групацијата на Erste & Steiermärkische Sparkasse, со околу 200 години групациско искуство и повеќе од 120.000 клиенти во земјата. Наша визија е да бидеме најдобар избор за клиентите, да ја поддржуваме економијата и заедницата и да создаваме подобра иднина. Ние сме Банка која своето работење го темели на вредности, нашиот тим делува во духот на извонредност, доверба, агилност, страст, партнерство.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **120.000 клиенти во земјата** | **35 експозитури и 95 АТМ** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

## Што ќе биде вашата улога

- Одговорен за испорака на висококвалитетна услуга на клиентите, остварување на продажните цели, препознавање на потребите на клиентите
- Контакт со клиенти и давање информации за производите кои ги нуди Банката
- Одговорност за квалитетот на услугата према клиентот
- Препознавање на потенцијалните клиенти и воспоставување иницијални контакти
- Одржување на квалитетни деловни односи со физичките лица во согласност со деловната политика и процедурите
- Отварање, затварање и водење на сметки и депозити (денарски трансакциски сметки, девизни трансакциски сметки, штедни книшки и орочени депозити) и архивирање на досиејата за сметките
- Блокади и деблокади на сметки (основно познавање, информирање на клиенти, проверка во апликација на активни блокади и сл.)
- Безготовински и готовински платен промет во земјата,
- Врши уплати и исплати по тековни и жиро сметки и кредити
- Спроведување на сите готовински трансакции со клиенти на благајна – физички и правни лица (исплата и уплата од / на трансакциска сметка, уплати на обврски кон Банката, уплати кон сметки во други банки, итн.)
- Примање, контрола и внесување на безготовински налози во платен промет и авторизација (визуелна контрола на исправноста на налогот, контрола на потписот и печатот и заверка на налогот)

---

## Кои квалификации се потребни

- Минимум ССС, минимум економска насока /гимназија
- Работно искуство во работа со готовина, продажба и промоција на производи и услуги и работа со клиенти во банкарскиот или друг сектор/индустрија ќе се смета за предност
- Активно познавање на работа со персонален компјутер (MS Office) и активно познавање на Англиски јазик – говор и писмо
- Одлични комуникациски и продажни вештини, одлишни организациски вештини и способност за одредување приоритети, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето

## Кои ќе бидат вашите придобивки

- Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse
- Приватно здравствено осигурување
- Конкурентна плата и дополнителни надоместоци
- Динамична организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух
- Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Вашето CV и мотивационо писмо на македонски или англиски јазик доставете ги на **hr@sparkasse.mk** заклучно со **31.08.2022** со назнака **„Апликација за Благајник – Помлад соработник“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на Ваша согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 1 (една) година, доколку сте согласни со тоа. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посетете ја страницата www.sparkasse.mk.

**Ве очекуваме! #верувајвосебе**

SPARKASSE Bank